АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 12.05.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 1940 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, и тоа:

- изданието за април 2021 година на „Убавина и здравје“ бр. 149.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 мај 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен вонреден административен надзор. Вонредниот надзор беше извршен на 18.03.2021 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр. 147 на „Убавина и здравје“ за февруари 2021 година, не ги објавил податоците за адресата на печатницата.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена бр. 03-157 од 13.04.2021 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1107/1 од 18.03.2021 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот на изданието бр. 149 на „Убавина и здравје“ за април 2021 година е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје <u>во целост постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми</u>.